Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Управа за извршување на санкциите

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ВРЕМЕТО ШТО ТРЕБА ДА ГО ПОМИНЕ И УСЛОВИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ ОСУДЕНОТО ЛИЦЕ ВО УСТАНОВАТА ОД ОПРЕДЕЛЕН ВИД ИЛИ ВО СООДВЕТНО ОДДЕЛЕНИЕ НА УСТАНОВАТА ОД ОПШТ ВИД**

Скопје, февруари 2025 година

Врз основа на член 220 став 2 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), директорот на Управата за извршување на санкциите донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ВРЕМЕТО ШТО ТРЕБА ДА ГО ПОМИНЕ И УСЛОВИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ ОСУДЕНОТО ЛИЦЕ ВО УСТАНОВАТА ОД ОПРЕДЕЛЕН ВИД ИЛИ ВО СООДВЕТНО ОДДЕЛЕНИЕ НА УСТАНОВАТА ОД ОПШТ ВИД

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој правилник се определува времето што треба да го помине и условите што треба да ги исполни осуденото лице во установа од определен вид или во соодветно одделение на установа од општ вид за негово прогресирање и регресирање.

## II. ПРОГРЕСИРАЊЕ

### Член 2

Услови кои што треба да ги исполни осуденото лице за прогресирање од една во друга установа, односно од едно во друго одделение во рамките на истата установа се:

- издржан дел од казната затвор;
- почитување на одредбите од Куќниот ред на установата (без дисциплинска казна во последните 3 месеци за полесна повреда на редот и дисциплината и без дисциплинска казна во последните 6 месеци за потешки повреди на редот и дисциплината) и
- проценка на резултатите од реализација на индивидуалната програма за третман.

### 1. Хоризонтално прогресирање

#### 1.1. Прогресирање од установа од затворен вид во установа од полуотворен вид

### Член 3

Осудено лице упатено во установа од затворен вид може да прогресира во установа од полуотворен вид на натамошно издржување на казната затвор доколку ги исполни општите услови од членот 2 од овој правилник и ако:

- има издржано во установата каде што е првично упатено најмалку една третина (1/3) од должината на казната затвор;

- остатокот на казната да не ја надминува максимално одредената должина на казната затвор што се извршува во установата во која осуденото лице треба да прогресира.

**Член 4**

Прогресирање на осудено лице упатено во установа од затворен вид се врши во исто одделение во установа од полуотворен вид.

Понатамошното прогресирање на осуденото лице се врши согласно критериумите на прогресирање во установа од полуотворен вид.

**Член 5**

Прогресирање на осудено лице упатено во установа од затворен вид директно во установа од отворен вид не се врши без претходно да прогресира во установа од полуотворен вид.

## 1.2. Прогресирање од установа од полуотворен вид во установа од отворен вид

**Член 6**

Осудено лице упатено во установа од полуотворен вид може да прогресира во установа од отворен вид на натамошно издржување на казната затвор доколку ги исполни општите услови од членот 2 од овој правилник и ако:

- е осудено само за кривични дела извршени од небрежност и
- остатокот на казната да не ја надминува максимално одредената должина на казната затвор што се извршува во установата во која осуденото лице треба да прогресира.

**Член 7**

Прогресирање на осудено лице упатено во установа од полуотворен вид се врши во исто одделение во установа од отворен вид.

Понатамошното прогресирање на осуденото лице се врши согласно критериумите на прогресирање во установа од отворен вид.

## 2. Вертикално прогресирање

## 2.1 Прогресирање од затворено во полуотворено одделение во установа од затворен вид

**Член 8**

Осудено лице упатено во установа од затворен вид може да прогресира од група В2 во група Б1 доколку ги исполни општите услови од членот 2 од овој Правилник, ако има издржано во затворното одделение најмалку една половина (1/2) од должината на изречената казна затвор и ако против него се води постапка за друго кривично дело.

Осудено лице упатено во установа од затворен вид може да прогресира од група В3 во група Б2 доколку ги исполни општите услови од членот 2 од овој Правилник, ако има

издржано во затвореното одделение најмалку една половина (1/2) од должината на изречената казна затвор и ако против него не се води постапка за друго кривично дело.

Осудено лице на казна затвор до 3 години може да прогресира од група В3 во група Б2 и пред истекот на ½ од изречената казна затвор, а при тоа да има издржано најмалку една шестина (1/6) од казната, против него не се води постапка за друго кривично дело и доколку од неговото поведение и работно ангажирање основано може да се очекува дека нема да ја злоупотреби довербата.

Осудено лице на казна затвор над 20 години упатено во установа од затворен вид може да прогресира од група В3 во група Б2 доколку ги исполни општите услови од членот 2 од овој Правилник, ако има издржано во затвореното одделение најмалку три четвртини (3/4) од должината на казната затвор против него не се води постапка за друго кривично дело.

**Член 9**

Прогресирање на осудено лице од затворено одделение во отворено одделение не се врши без претходно да прогресира во полуотворено одделение.

**Член 10**

Осудено лице на казна доживотен затвор не може да прогресира од затворено во полуотворено одделение.

**2.2 Прогресирање од затворено во полуотворено одделение во установа од полуотворен вид**

**Член 11**

Осудено лице на казна затвор до 3 години упатено во установа од полуотворен вид или ако остатокот на казната по пресметаниот притвор изнесува до 3 години може да прогресира од затворено одделение група В2 во полуотворено одделение група Б1 доколку ги исполни општите услови од членот 2 од овој Правилник, има издржано најмалку една третина (1/3) од казната, ако против него се води постапка за друго кривично дело и доколку од неговото поведение основано може да се очекува дека нема да ја злоупотреби довербата.

Осудено лице на казна затвор до 3 години или ако остатокот на казната по пресметаниот притвор изнесува до 3 години упатено во установа од полуотворен вид може да прогресира од затворено одделение група В3 во полуотворено одделение група Б2 доколку ги исполни општите услови од членот 2 од овој Правилник, има издржано најмалку една шестина (1/6) од казната, ако против него не се води постапка за друго кривично дело и доколку од неговото поведение основано може да се очекува дека нема да ја злоупотреби довербата.

**Член 12**

Прогресирање на осудено лице од затворено одделение во отворено одделение не се врши без претходно да прогресира во полуотворено одделение.

### 2.3 Прогресирање од полуотворено во отворено одделение во установа од затворен вид

**Член 13**

Осудено лице на казна затвор до 10 години упатено во установа од затворен вид може да прогресира од група Б2 во група А, доколку ги исполни општите услови од членот 2 од овој Правилник, има издржано во полуотвореното одделение најмалку една четвртина (1/4) од неиздржаниот дел од казната затвор и ако против него не се води постапка за друго кривично дело.

Осудено лице на казна затвор над 10 години може да прогресира од група Б2 во група А, доколку ги исполни општите услови од членот 2 од овој Правилник, има издржано во полуотворено одделение најмалку една половина (1/2) од неиздржаниот дел од казна затвор и ако против него не се води постапка за друго кривично дело.

.

### 2.3 Прогресирање од полуотворено во отворено одделение во установа од полуотворен и отворен вид

**Член 14**

Осудено лице упатено во установа од полуотворен и отворен вид или осудено лице на кое остатокот на казната е до три години може да прогресира од група Б2 во група А, доколку ги исполни општите услови од членот 2 од овој Правилник, има издржано во полуотвореното одделение најмалку една четвртина (1/4) од неиздржаниот дел од казната затвор и ако против него не се води постапка за друго кривично дело.

## III. РЕГРЕСИРАЊЕ

### 1. Хоризонтално регресирање

**Член 15**

Осудено лице може да регресира од установа од полиберален вид во установа од построг вид ако не се постигнати целите од индивидуалната програма за третман во рамките на установата.

### 2. Вертикално регресирање

**Член 16**

Осудено лице се регресира од одделение од полиберален вид во одделение од построг вид во рамките на истата установа ако:

- сторил потешка дисциплинска повреда од член 231 став 3 од Законот за извршување на санкциите со што го нарушил редот и дисциплината на установата;

- не се постигнати целите од индивидуалната програма за третман во рамките на одделението и

- доколку против осуденото лице се води постапка за друго кривично дело.

### 3. Прогресирање на регресирано осудено лице

#### 3.1. Прогресирање на регресирано осудено лице во установа од затворен вид

**Член 17**

Регресирано осудено лице во установа од затворен вид може да прогресира од затворено во полуотворено одделение доколку ги исполни општите услови од членот 2 од овој Правилник и по издржани 12 месеци во затвореното одделение на установата.

Регресирано осудено лице во установа од затворен вид може да прогресира од полуотворено во отворено одделение доколку ги исполни општите услови од членот 2 од овој Правилник и по издржани 6 месеци во полуотвореното одделение на установата.

**Член 18**

Прогресирање на регресирано осудено лице од затворено одделение во отворено одделение не се врши без претходно да прогресира во полуотворено одделение.

Регресирано осудено лице во построга третманска група и дисциплински казнето осудено лице за дисциплинска повреда - физички напад или недолично однесување кон службено лице или друго осудено лице, бегство или обид за бегство од издржување на казната затвор или од здравствена установа во која е упатен на лекување и чување, оддалечување од кругот на установата, злоупотреба на доделените погодности (невраќање од користење на погодност надвор од установата) и ненавремено враќање од прекин на казна, може да се прогресира во полиберално одделение, согласно член 2 од овој Правилник и има издржано 3/4 од неиздржаниот дел од казната во затворено одделението група В2.

#### 3.2. Прогресирање на регресирано осудено лице во установа од полуотворен и отворен вид

**Член 19**

Регресирано осудено лице во установа од полуотворен вид може да прогресира од затворено во полуотворено одделение и од полуотворено во отворено одделение доколку ги исполни општите услови од членот 2 од овој Правилник и по издржани 6 месеци во одделението на установата.

Прогресирање на регресирано осудено лице од затворено одделение во отворено одделение не се врши без претходно да прогресира во полуотворено одделение.

Регресирано осудено лице во построга третманска група и дисциплински казнето осудено лице за дисциплинска повреда - физички напад или недолично однесување кон службено лице или друго осудено лице, бегство или обид за бегство од издржување на

казната затвор или од здравствена установа во која е упатен на лекување и чување, оддалечување од кругот на установата, злоупотреба на доделените погодности (невраќање од користење на погодност надвор од установата) и ненавремено враќање од прекин на казна, може да се прогресира во полиберално одделение, согласно член 2 од овој правилник и има издржано 3/4 од неиздржаниот дел од казната во затворено одделението група В2.

### 3.2. Прогресирање на регресирано осудено лице во установа од полуотворен и отворен вид

**Член 20**

Регресирано осудено лице во установа од отворен вид може да прогресира од полуотворено во отворено одделение доколку ги исполни општите услови од членот 2 од овој Правилник и по издржани 3 месеци во полуотвореното одделение на установата.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за времето што треба да го помине и условите што треба да ги исполни осуденото лице во установата од определен вид или во соодветно одделение на установата од општ вид донесено од страна на директорот на Управата за извршување на санкциите број 01-449/1 од 11.02.2020 година.

**Член 22**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Број 01-372/1
28.02.2025
Скопје

**ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ,**
Александар Пандов